

Училиштен весник на ООУ„Блаже Конески"-Скопје

Прво издание-Февруари/Март 2024

Директор: Виолета Ристовска

Одговорен наставник: Билјана Шотаровска

Лектура и јазична редакција: Марија Костовска и Тања Јанкуловска

Главен уредник: Марија Џарева

Главен уредник на списанието: Андреа Стефаноска, Лука Јоакимовски

Техничка поддршка: Борјан Петровски

Графички дизајн: Елена Тасевска

Редакција: Лука Перевски, Александар Ангеловски, Каја Панчиќ, Елена Тасевска, Миа Миљовска, Гала Нановска, Андреја Стојанова, Лука Јоакимовски, Анамариа Саботкоска, Михаела Илиева, Грегор Никодиновски, Сања Станковиќ, Михаил Арсиќ, Борјсн Петровски, Јана Ристовска, Евдокија Јанева, Радмила Митровиќ, Ивана Јовановска, Љупче Иванов, Марија Џарева, Андреа Стефаноска, Фросина Никовски, Јана Горѓиева

Стручни соработници: Јарослава Ѓуричиќ, Мила Попстефанов, Петар Смилковиќ, Ивана Јованова, Марија Комненова, Елеонора Ѓурѓевиќ, Анастасија Лазеска, Лана Манева, Калин Кочев, Михаела Илиева

Во овој број ќе читате:

-Кои сме ние и кое е нашето училиште?	2
-Интервју со нашата директорка	3
-Како да го подобриме учењето?	4
-Спорт во нашето училиште	5,6
-Нашето училиште учествува во Еразмус проектот	7,8
-Екологија	10,11
-Стоп за насилство	12
-Вештачка интелигенција	13
-Последниот кат	14
-Стереотипи и предрасуди	15
-Сите деца сме исти	16
-Љубовно писмо прв дел	17
-Слобода на изразување	18
-Наградени уметнички дела	19
-Зошто го одбележуваме 8-	20

ми Март?

-Забавно катче

Кои сме ние и кое е нашето училиште?

ОУ „Блаже Конески" (претходно со името Владимир Назор) е едно од најстарите училишта во гр Скопје. Во ова училиште имаат поминато многу генерации кои го паметат детството поради часо поминати во нашето училиште. Ова училиште било првото во Стар Аеродром-Мичурин основа 1954 година. Познато е најмногу по спортот и одбојката, всушност од ученици на ова училишт формирани екипите на ,,Работнички'' и ,,Вардар''. Овие екипи подоцна станале дел од Југословенската прва лига во одбојка. До денес традицијата за спорт се негува и се развива. Ученици имаат освоено огромен број награди по хорските натпревари, математиката, природните науки, ликовната уметност, награди од областа документарни филмови, странските јазици. Најголема важност даваме на зборот и делото на Блаже Конески чие име гордо го носиме. Ние организираме многубројни настани и натпревари од областа на македонскиот јазик и литературата, како што се посети од познати писатели, конкурси, литературни читања и други настани. Наставничките во одделенска настава и посебно наставничките по македонски јазик не мотивираат нас, учениците да креираме наши лични поетски и литературни творби, со кои се збогатува нашиот јазик. . Чувањето и негувањето на македонскиот јазик е наша трајна заложба и завет кон нашиот сакан патрон.

Познато е најмногу по спортот и одбојката, всушност од ученици на ова училиште се формирани екипите на ‘Работнички’ и ‘Вардар’. Овие екипи подоцна станале дел од Југословенската прва лига во одбојка. До денес традицијата за спорт се негува и се развива. Ученици имаат освоено огромен број награди по хорските натпревари, математиката, природните науки, ликовната уметност, награди од областа документарни филмови, странските јазици. Најголема важност даваме на зборот и делото на Блаже Конески чие име гордо го носиме. Ние организираме многубројни настани и натпревари од областа на македонскиот јазик и литературата, како што се посети од познати писатели, конкурси, литературни читања и други настани. Наставничките во одделенска настава и посебно наставничките по македонски јазик не мотивираат нас, учениците да креираме наши лични поетски и литературни творби, со кои се збогатува нашиот јазик. . Чувањето и негувањето на македонскиот јазик е наша трајна заложба и завет кон нашиот сакан патрон.





Интервју со нашата директорка

1.Опишете го нашето училиште на ваш начин со неколку зборови.

Училиштето е нашиот втор дом во кој сите треба да се чувствуваме безбедни, добредојдени, среќни. Зборот дом значи место каде што чувствуваме пријатно, среќно.. Да учиме да соработуваме да стекнуваме пријателства, да се дружиме.

2.Што го карактеризира нашњото училиште да биде единствено и свое за разлика од другите?

Нашето училиште ООУ "Блаже Конески" во општина Аеродром е училиште кое го носи епитетот Блаже Конески Великанот кој го достоиме сите ние и ние чест што е наш патрон, како што тој кажа Јазикот е нашата единствена татковина мора да останеме горди на тоа и да одиме по негобите патеки. Можсм да кажам дека и нашето училиште е најстарото училиште во општинава, и до ден денес училиште кое е во раст и развој.

3.Што мислите за активирањето на учениците во новинарскиот клуб и дали сметате дека на овој начин ќе се дискутираат проблемите на учениците и младите во општеството?

Значи конкретно можам веднаш да кажам дека сум горда што нашето училиште има еден ваков новинарски клуб кои што и претходно беше формиран и опстојуваше,но посебно сега го добивме како училиште повикот за апликацијата за основање новинарски клуб и сме едно од десетте училишта во нашата држава што нели имаше успешна апликација и сега потпомогнати од овој проект и усеј нели се надевам дека новинарскиот клуб ќе биде во уште поголем подем одржан од вашите наставници македонисти пред сè и сите ние кои сме тука вработени.Новинарскиот клуб и новинарската секција е столб на училиштето се навраќам на тезата на Конески ,,јазикот е нашата единствена татковина" значи токму тука ќе ги истакнете сите негови пораки,а пред се овој лист весник,гласник кој што вие ќе го издавате треба да биде нели вашата понуда,побарувачка и нашите решенија кој што ни се потребни за иднината на училиштето,и нормално тука треба да бидат пред се истакнати сите наши односно ваши трудови.

4.Колку сте задоволни од индивидуалните размислувања на учениците и од функцијата на ученичкиот парламент?

Секој ученик има индивидуални потреби, индивидуални нивоа на раст и развој и ние мора да допреме до вас и ние да постигнеме од вас да изградиме вистински личности.Исто така да се надоврзам дека на успехот не може индивидуално да се гордееме, на успехот сите ние треба се гордееме

5.За крај, дали ви се допаѓали наставата со учениците?

Да, затоа што учениците сум наставник и педагок и со задоволство сум ја работела таа работа, затоа што децата се најсветлото нешто, децата се светот окулу кој се вртиме ние.

3

Како да го подобриме учењето?

4

Подобрување на учењето може да се постигне преку неколку различни методи и стратегии. Ова се неколку предлози:

• Поставете цели

Дефинирајте јасни и конкретни цели за учењето. Тие цели треба да бидат постижни.

• Организирајте се!

Планирањето на вашето време може значително да ви помогне. Направете го распоредот на учење и придржувајте се кон него.

• Истражувајте различни начини на учење. Луѓето учат на различни начини.

Истражувајте различни методи и техники за учење како што се читање, слушање, дискусии, практикување итн.

• Користете технологија за учење. Интернетот и многу едукациски апликации обезбедуваат различни начини за учење. Користете ги онлајн ресурсите за да го

подобрите своето учење. • Практикувајте активно учење. Активното учење вклучува учење преку активности како што се решавање задачи, објаснување на концептот на други, и

примена на знаењето во пракса.

• Вежбајте редовно.

Редовната вежба е клуч за учење и

задржување на информации. Повторувањето може да ви помогне да го подобрите

учењето.



• Користете го позитивниот пристап.

Негативните мисли и самокритичноста можат

ја спречат вашата способност за да ги
надминете предизвиците.

• Соработувајте со други.

Соработката со други ученици може да биде корисна.
Дискусиите и заедничкото учење можат да
допринесат кон подобрување на вашето разбирање
на материјалот.

• Прашајте за помош.

Ако сте запрени со нешто, не се плашете да
прашате за помош. Имајте на ум дека учењето е
процес, и сите имаме потреба од помош и
поддршка.

• Правете паузи и одмор.

Редовните паузи и добриот одмор се важни за
општото здравје и кога учите. Здравиот живот
влијае и кон учењето.

Секој ученик е различен, затоа е важно да ги
истражите различните стратегии и методи и да ги
прилагодите за вашиот личен стил на учење.

спортот во нашето училиште

Фудбал

Нашите момци организираа повеќе хуманитарни натпревари. На првиот натпревар во мал фудбал на регионално ниво тие го освоија второто место, а на 19 Март организираа хуманитарен натпревар за поддршка на Леонид Индов.



Ракомет

Момчињата од нашето училиште беа победници на Општинското ракометно првенство на кое освоија прво место.



5

Одбојка



Во нашето училиште, девојчињата од VIII и IX одд. учествуваа на Општинските натпревари, а подоцна на 19 Март тие организираа хуманитарен натпревар за поддршка на Леонид Индов.

Кошарка

Нашите женски кошаркарки заедно со наставникот Игор Гацов учествуваа на Општинскиот натпревар и освоија второ место. Подоцна на вториот турнир девојчињата од VIII одделение имаа конкуренција од 6 училишта, но сепак го освоија второто место.



6

Нашето училиште учествува во проектот Еразмус!

Станавме дел од Еразмус семејството! Во духот на Европските вредности, преку започнување Еразмус проектот "Еко одговорни граѓани" нашите ученици ги поттикнуваме да станат еко по одговорни и успешни граѓани. Нашата мисија е да ги повземе нашите ученици од предметна одделенска настава преку заеднички менторски средби да ги шират правата и одговорностите на децата и заедницата за здрава животна средина.

Создавањето на здрави животни навики ќе им помогне да го сочуваат здравјето и животот на своите најмили, но и на сите луѓе. Тие ќе имаат можност заедно со учениците од Португалија и од Турција да разменуваат мислења, знаења и искуства. Проектот е замислен да се реализира во времетраење од 18 месеци, поделен на три фази. На почетокот учениците заеднички ќе работат на создавање на Еко-градина, потоа на собирање и рециклирање на пластичен отпад и во третата фаза ќе се грижат за подобрување на условите и хуман третман на животните. Со најдобри желби за среќен почеток и успешна работа на сите ученици и наставници!

Проект „Еко одговорни граѓани“

Со самиот почеток на Еразмус проектот, во нашето училиште се одржа конкурс за создавање на лого на Еразмус проектот „Еко одговорни граѓани„ кој ќе го работиме заедно со училишта од Португалија и Турција. Ова се идејните решенија добиени од учениците во текот на месец февруари, а за најдобро беше изгласано логото на Михаела Ѓеоргиевска од IX-1.



7

Нашата Еко градина

По повод пресрет на пролетта, на 16 Март започна акцијата за садење на растенија, билки и цвеќиња. Во оваа акција учествуваа учениците од прво до деветто одделение. Акцијата ја водеа менторските тимови составени од ученици од четвртитте и петтите одделенија кои беа менторирани од ученици од осмо деветто одделение. Овие менторски тимови претходно подготвени од наставниците од проектот ги одредија парцелите, ги околчија, ја раскопаа земјата со што ја подготвија почвата за засадување градината.

Во оваа акција се вклучија и родителите, наставниците и сите вработени во училиштето, а имавме и гости од средното земјоделско и ветеринарно училиште СУГС ,, Браќа Миладиновци”-Скопје.









8

Творештво од нашите ученици

Текстови и песни

Екологија

Екологија е наука која се занимава со проучување на меѓусебни влијанија помеѓу живиот свет и средината во која живеат. Таа ни помага да осознаеме овие односи не само во сегашноста, туку и како тие би се менувале во иднина. Постојано се зборува и лишува дека екологијата е многу важна, но дали навистина знаеме зошто е толку важна? Екологијата ни дава нови знаења за меѓусебниот однос помеѓу луѓето и природата, а токму овој однос е клучен за производство на храна,

одржување чист воздух и вода и одржување на биодиверзитетот во услови на променливата клима. Три тврди: активностите на луѓето-горење на фосилните горива, сечење на шумите и модерната агрикултура генерираат гасови кои го зголемуваат ефектот на стаклената градина и ја менуваат климата. Климата влијае речиси секој постоечки екосистем на планетата. Климатските промени се едни од најголемите причинители на промените во екосистемите.

ECMWF (Европски центар за среднорочна временска прогноза) е истражувачки институт и оперативна служба која е активна 24/7 и која обезбедува глобални нумерички временски прогнози и други податоци за нивните членови и за поширокатa јавност. Центарот располага со објекти кои имаат големи суперкомпјутери и бази на податоци за времето кои се помеѓу најголемите на светот. Нивниот програм EPA5 обезбедува часовни проценки на голем број на атосферски, копнени и океански климатски варијабли. На пример нивните податоци за летото 2023 година покажуваат дека месец август 2023 година бил
најтопол забележан месец на глобално ниво, и потопол од сите други месеци
освен од јули 2023 година.Просечна глобална температура на воздухот на површината измерена во август која изнесувала 16.82°C била за 0.71°C потопла од просечната за август во однос на периодот од 1991-2020 година, и 0.31°C потопла од претходниот најтопол август забележан во 2016 година. Се проценува дека месецот август бил околу 1.5°C потопол од просекот за периодот пред индустријализацијата од 1850-1900.

-Од топлотни бранови биле зафатени повеќе региони на Северната хемисфера, вклучувајќи ги Јужна Европа, јужниот дел од САД и Јапонија. Температури многу над просекот биле измерени во Австралија, неколку земји од Јужна Америка и поголемиот дел од Антарктикот.

Површината покриена со антарктички морски мраз остана на рекордно ниско ниво за тоа време од годината, со месечна вредност за 12% помала од просечната, што е досега далеку најголема негативна аномалија за август од почетокот на сателитските набљудувања.


Според ECMWF во август 2023 од една страна беа забележани услови на зголемена влажност над поголемиот дел од централната Европа и Скандинавија, кандинавија, со чести врнежи од дожд и поплави. Меѓутоа, од друга страна над Иберскиот Полуостров, јужна Франција, Исланд и поголемиот дел од Источна Европа, вклучувајќи го јужниот Балкан, беше посув период од просечниот, при што беше забележана појава на пожари во Франција, Грција, Италија и Португалија.

"Глобалните температурни рекорди продолжуваат да паѓаат, изјави заменик директор на служба за климатски промени Коперникус, Саманта Бургес. "Научните докази се многубројни, ќе продолжиме да гледаме нови климатски рекорди и поинтенизвни и чести екстремни манифестации на времето, кои влијаат на општеството и екосистемите, се додека не престанеме да емитираме стаклени̇чки гасови,...

Нема сомневање дека климатските промени се реални, вистински и присутни. Во Скопје речиси секојдневно сме сведоци за намалување на зелените површини, и на нивно место изградба на нови згради. Чадот на фабриките, издувните гасови од стари возила и палење на ѓубре се причина се повеќе да дишеме загаден воздух зима и се поголем дел од денот мораме да се криеме од пеколните температури во лето. Главни загадувачи и производители на стаклени̇чките гасови не покажуваат никаков интерес за овој проблем, а се

помалку време имаме да се најде решение. Дали одговорните ќе се анагажираат додека сеуште има време, останува да видиме.








-Лара Алегра Пецевска IX-1

11

Стоп за насилство



Сите ние сме добро запознаени со терминот насилсво. Насилството може да се дефинира к потреба на сила или примена на моќ за да се нанесе штета, контрола или понижуван друга личност и постојат повеќе видовси на насилство:

-Физичко

-Психолошко

-Емоционално

-Врсничко

-Сексуално

-Семејно

-Економско

-Сајбер булинг и др.

Во училиштата, најзастапено е врсничкото насилство кое е извршено од врсниците на жртвата. Децата-жртви на врсничко насилство обично страдаат од чувство на страв, тешкотија и фрустрации кои често им прават да се чувствуваат беспомошно, незаштитено и осамено. За некои деца ваквите искуства можат да бидат крајно повредувачки и на тој начин би можеле да се соочат со посттрауматски стрес кој би се пролонгирал. Миксот од емоции кои што овие деца ги доживуваат е изразено токсична за нивната психолошка добросостојба. За да се спречи ваквиот тип на насилство треба: - Да се рашири свеста- Информирајте ги луѓето, особено младите, за различните видови на насилство и нивните последици. Образованиот пристап може да ја подигне свеста и да ја намали појавата на насилство.




Децата никогаш не
треба да се чувствуваат
како да се нечија шала,
а додека пак ако некој
ги исмејува тие треба да
го пријават тоа.

-Андреа Стефаноска и Јана Ѓорѓиева IX-3

Вештачка интелигенција

Вештачката интелигенција е огромна гранка на компјутерската наука која се занимава со градење паметни машини способни за извршување на голем број работи и било какви задачи за кои што обично помага човекот.
AI е интердисциплинарна наука со повеќе пристапи, но напредувањето во машинското учење е важно за човештвото и помага буквално во секој сектор од технолошката индустрија.

Вештачката интелегенција треба да се применува на паметен начин такашто нема да се злоупотребува и ќе се користи со единствена цел, подобрување на медицината и други науки. Вештачката интелегенција не треба да го замени човекот, и не треба да е причина да се губат вработувања, поточно некој вработени да си ја загубат работата затоа што биле заменети од робот. Како и човекот, и роботот може да прави грешки, во некој случај и повеќе од човекот.



-Боријан Петрески IX-1

13

Творење на сценарио за филм

Последниот кат

ше врнеж ив ден,стр но надвор но воздухот беше пријатен.Кејт Винслет почувствува по ба да пр ета но и д ги нахрани мачињата пред нејзината зграда.

т Винслет живее во Лондон во зградата близу автобуската станица.Денес беше врнежлив сепак таа одлучи да прошета.Кога се симна од нејзината зграда најпрвин ги нахрани мачињат отвори чадорот и ја помина улицата.Кејт се оддалечи од зградите, издувните гасови и гала Лондон.Во меѓувреме дождот запре и Кејт започна со нејзините размислувања за тоа да се друга зграда во поголем стан.После прошетката стигна дома,надвор веќе беше стемнето и Кејт ја започна својата секојдневна детективска мисија. Овој пат беше поинаку, штом го вклучи компјутерот имаше чудни податоци за оваа личност.Податоците велеа „ момчето и неговите проблеми од крајот на градот Лондон„. Кејт реши внимателно да го истражи случајов и да ги одгатне сите нешта кој што беа поврзани со оваа мисија, потоа ја изгаси светилката и бргу заспа. Следниот ден Кејт најде голем стан каков што отсекога бараше.Тој се наоѓаше на крајот од градот Лондон,таму беше потивко населено место.Кејт денес си ги спакува куферите и во осум часот вечер отиде со воз кон новото место. Беше воодушевена,тоа беше висококатница луѓето таму беа гостопримливи.Кејт беше збунета кој број на стан е и на кој кат и е станот.Ја пречека една жена името и беше Одри и и рече на Кејт дека број на стан е седумнаесет и
е на последниот кат. Кејт се смести но бидејќи беше премногу истоштена веднаш заспа. Утрото и започна со прекрасната мелодија од птиците надвор. Денес требаше да оди до нејзината канцеларија оддалечена за три улици оттука.Возејќи се во лифтот влезе високо момче и и рече „Извини одиш долу? „ Кејт само му кимна со главата и настана тишина.Но по кратко време момчето повторно ја прача „Дали си нова тука ?„ - и таа му одговори со јасно „да„. Потоа Кејт побрза кон својата канцеларија, сепак требаше да го истражи момчето кое и беше на ум. Податоците и велеа високо русокосо момче и во овој момент Кејт се збуни бидејќи соседот од нејзината зграда бече ист онаков како и описот тука.Понатаму податоците велеа дека тој живее во зградата од крајот на градот Лондон.Нејзината претпоставка беше соседот кој што токму денес го сретна.Беше време Кејт да појде дома.Кога стигна пред нејзината врата врата од станот имаше писмо, Кејт го зеде и веднаш го прочита, пишуваше „Дали сакаш да се запознаеме„ беше напишано на чуден лист хартија со виолетова боја околу текстот имаше и неколку отпечатоци од прст.Кејт се израдува бидејќи на овој начин полесно ќе дознае кој и го напишал писмото.Дојде и следниот ден а со него и новите случувања. Кејт влезе во лифтот а со нејзе и русокосото момче.Во лифтот момчето ја праша Кејт „Ќе се запознаеме ?„ -и таа му одговори со „Секако„ насмевнувајќи му се.Кога Кејт заврши со денешната работа веднаш појде дома. По извесно време некој zasвоне на нејзината врата. Кога Кејт ја отвори вратата го виде русокосото момче кое сто ше и чекаше да се запознаат.Кејт веднаш се спреми и се упатија кон блискиот парк и долго раз овараа откривајќи некои нешта повеќе за себе.Русокосото момче Леонардо и рече „Поразлична си од станатите што ги познавам„ и така заврши нивниот прв разговор.Следното утро Кејт повторно бе е во нејзината канцеларија,повторно таа и нејзините податоци.Најпосле заклучи дека всушност под тоци е беа поврзани со русокосото момче од нејзиниот кат. Постојано во мислите на Кејт беше Лео ардо.Една в ер Кејт сфати дека го сака Леонардо.Следното утро тој ја сретна Кејт и и рече „Сре ен с м што е запознав„ и преку тоа всушност и ја искажа љубовта.За Кејт податоците кои што ги ист жува е н еа повеќе важни,бидејќи тоа беше момчето кое што го засака,момчето

од п следниот кат.

екогаш во животот ни се случуваат убави нешта во најнеочекуваниот миг, се се случува со и причина и љубовта е една од тие.

-Мила Санев VIII-2

Стереотипи и предрасуди

Стереотипот претставува слика заснована на предрасуда или полувистина која му се придава на "другиот" или себе си врз основа на припадност на група. Стереотипот може да биде позитивен или негативен, но речиси секогаш, кога ќе се примени на ниво на поединец е невистинит.

Стереотипите се широко распространети во општеството и често генерализираат одредени карактеристики или однесувања на цела група луѓе. Овие верувања или претпоставки, иако понекогаш произлегуваат од лични искуства или културни норми, можат да бидат погрешни и штетни.

Важно е да се запамети дека секој поединец има сопствено искуство и квалитети кои не треба да бидат уништени од стереотипите. Наша заедничка одговорност е да ги надминеме и разбиеме стереотипите ида го прифатиме богатството на различностите во нашиот свет. Со тоа, можеме да се движиме кон поинклузивно и поразвиено општество.

Надминувањето на стереотипите бара отворен ум, емпатија и подготвеност да попречат личниот раст и односите. Кога поединците се оценуваат врз основа на однапред смислени идеи, нивните уникатни таленти, вештини или перспективи може да се занемарат, што ке доведе до пропуштени можности за соработка и разбирање. Од клучно значење е на луѓето да им се даде шанса да се изразат без да бидат ограничени на општествени предрасуди.

Важно е да се препознае дека стереотипите често се преупростени и не ја претставуваат вистинската различност и индивидуалност во групата. Тие можат да ги овековечат предрасудите, дискриминацијата и нееднаквоста. На пример, ако се претпостави дека сите Италијани се музикални, или дека сите девојчиња се емотивни, може да доведе до нефер очекувања или предрасуди. Некои други примери се сите Кинези се мудри и вредни, мажите не плачат, сите жени се лоши возачи, сите млади се безобразни или младите се неписмени и многу повеќе.

Треба да ги оспориме нашите сопствени претпоставки. Едуцирањето за различни култури, религии или начин на живот може да помогне да се урнат стереотипите и да се поттикне инклузивноста. Вклучувањето во важни разговори со поединци од различно потекло може да ги разоткрие стереотипите и да поттикне вистински пријателства.



-Евдокија Јанева IX-2

15

...ит деца сме исти

Мали и мили исто како вас,
среќата ја бараат во сите нас.
„Децата со попреченост” често ги спомнуваме,но,
дали во душата ние им погледнуваме?

И тие се деца како нас секогаш велиме
поради тоа топла насмевка им делиме.
Кога играат пеат и весело се смеат,
многу човечки срца греат.

Нивната среќа за родителот е рај, како сонце кога свети со голем сјај. Кога животот за нив е темна слика, сјајот од нивните очи во темнината блика.

СИТЕ ДЕЦА СМЕ ИСТИ

-Радмила Митровиќ IX-2

Љубовно писмо

прв дел

Не можам да го опишам тоа чувство, но секој пат кога ќе те видам сакам секогаш да си до мене.

За мене среќа е да сум секогаш покрај тебе. Твојот шарм постојано гори во моето срце како блескав пламен.

Моите очи се жедни да те видат, за миг цел свет да им се разубави од твојата шармантна убавина.

Нема пишан збор што може да се изрази соодветно на мојата љубов кон тебе, но ти пишувам само да знаеш дека постојам, дека секогаш ќе сум тука за тебе.

Ама душо, не ме барај таму каде што ме нема, јас сум тука околу тебе, понекогаш и до тебе, а се надевам и во тебе. ама отвори ги очите зошто не ме гледаш.

Од една само твоја погоди која!

-Анисија Наумоска VIII-2

17

Слобода на изразување

Слободата на изразување е основно човеково право кое овозможува личности да изр
своите мислења, идеи и ставови без страв од цензура или казна. Сепак, постојат сит
каде личности можат да бидат лишени од ова право.
Замислете го следново сценарио: Дете во едно образовно окружување каде учители ил
авторитети ги потиснуваат неговите/нејзините мислења и изразување на индивидуалнос
оваа ситуација, детето може да се чувствува немоќно и несигурно да изрази свои идеи, што
може да води кон намалена самодоверба и креативност. Од друга страна, влијанието на ова
ограничување на слободата на изразување на детето може да се прошири и врз општеството.
Кога децата се лишени од можноста да ги изразуваат своите мислења, креативноста и
иновациите се ограничуваат. Ова може да има негативен ефект врз развојот на општеството,
бидејќи индивидуалните идеи и гледишта се критични за просперитетот и напредокот.

Замислете и друга хипотетичка ситуација каде владата наложува строги ограничувања врз
медиумите и цензурира секој глас на непослушност. Во ова сценарио, храбар новинар кој ја
истражува корупцијата во Владата може да се соочи со заплахи, затвор или дури и насилство
за изложување на вистината.
Ваквите ситуации се многу чести и можат да се случат во било кое опкружување и на било
кого. Слободата на говор и изразување е право кое го има секој човек на планетава Земја
и доколку децата или возрасните се спречени да го кажат она што го мислат, тогаш тоа
значи уназадување на целото општество.



-Андреа Стефаноска IX-3

18

Наградени уметнички дела на нашите ученици

Нашето училиште има талентирани ученици кои постигнуваат успеси на меѓународно ниво и сите ние се гордееме!

Во наша чест, во Македонија нè посети чешкиот амбасадор- Јарослав Лудва кој се сретна со Јарослава Гуричиќ, ученичка која постигна успех и беше наградена на Интернационална детска изложба „Fine Arts” во Лидице, Република Чешка.

Честитки за меѓународниот успех на Јарослава и благодарност до амбасадорот за честа да ја врачи наградата и да биде наш гостин во Аеродром.







Зошто го одбележуваме 8 Март?

На овој ден кој денес е познат како Меѓународен ден на жената, започнала борбата за правото на жените која започнала како б политичка, економска и социјална рамноправност. На 8 Март 1913 година жените одржувале мировни собири за признавање на нивните права на еднаквост со мажите.


Замислете свет еднаков за сите. Жените имаат еднакви права, можности, да се навистина вреднувани и почитувани во општеството. Да немаат понижувања, искористување на трудот, семејно насилство, замолчувања од разни моќници. Свет без пристрасност, стереотипи и дискриминација. Свет кој е разновиден, правичен и инклузивен. Свет каде разликата се цени и слави. Заедно можеме да ја изградиме еднаквостана жените. Колективно сите можеме да напредуваме. Прославете ги достигнувањата на жените. Подигнете ја свеста за дискриминација. Превземете акција за поттикнување на родовата еднаквост.

Правата им припаѓаат на сите, секаде. Среќен 8 Март и вклучете се во идејата за слобода и еднаквост на жените секогаш и секаде!




Забавно катче


Помогни и на рипката да стигне до својот дом и обој ја !



Напиши го името на 2Д формите и дизајнирај ги по твој избор




Пресметај и обој!



0 1 2 3 4 5

6	7	8	10	11

Повторно пресметај и обој!



1

2

3


4

5

6

7

Реши го крстозборот



1



2




3



4



5



6



7



8



9



10



11



12



13

